**Славка Фиданова**

# УЛОГАТА НА ТИТО НА VIII ЗАГРЕПСКА ПАРТИСКА КОНФЕРЕНЦИЈА И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ИДЕЈНОТО И ОРГАЗАЦИОНО ЕДИНСТВО НА КПЈ ВО МАКЕДОНИЈА

Осмата загрепска партиска конференција — односно истапувањето на другарот Тито во името на малцинството во Месниот комитет на Загреб против двете фракции, а за револуционерно единство во Партијата, за нејзиното поврзување со масите и свртување кон секојдневните животни проблеми на работничката класа и на сите работни слоеви — на која е постигнат успех во борбата против фракционерските сили во Загрепската партиска организација, што дојде до израз и во изборот на другарот Тито за политички секретар на Месниот комитет на Загреб, без сомневање има крупно историско значење за сета Партија во целост. Со оваа конференција беа создадени услови за премавнување на дотогашната положба во Партијата — создадена поради фракционерското дејствување на двете фракции кои работеле за расцеп на Партијата и работничкото движење — за нејзина консолидација, идејно и организационо јакнење, за да стане Партијата по доаѓањето на другарот Тито на нејзино чело и силен политички фактор во земјата и единствена општествено-политичка сила за време на НОВ и Народната револуција во борабта за национално и социјално ослободување на југословенските народи.

Во тоа е, всушност, и големата историска заслуга на другарот Тито, кој, изразувајќи ги интересите на работничката класа за единство во работничкото движење, поведе антифракциска борба во најсудбоносните моменти за Партијата, и тоа по цена на авторитетите кои присуствуваа на таа конференција, како што изјавил во една прилика другарот Тито.

Антифракциската борба започната на Осмата загрепска партиска конференција, а потоа и во другите партиски организации во земјата, која дојде до израз на Четвртиот конгрес на КПЈ во Дрезден во ноември 1928 година, на кој централното партиско раководство е избрано од редовите на работничкото јадро во Партијата, секако имаше позитивен одглас и во партиската организација во Македонија, макар што од постојната партиска документација не може да се извлече потполн заклучок во колкава мера оваа фракциска борба била присутна на самиот терен во Македонија.

Факт е, меѓутоа, дека една од фракциите се обидувала да навлезе во партиската организација во Македонија и тоа со испраќање на свој претставник за да формира, независно од Обласниот секретријат, некаква нова илегална организација, така што борбата против фракционерството нужно морала да биде присутна и во партиската организација во Македонија. Во извештајот на тогашниот областен секретар на КПЈ за Македонија, Митре (Милан Мијалковиќ н.б.), по повод овој случај се вели: „Овие денови ваму дојде еден познат наш другар. Без мое знаење бараше состанок со другарите од Партијата во Куманово и Скопје. Беше изјавил дека е пратен од страна на македонскиот претставник во ЦК на КПЈ, за да организира тука некаква нова илегална организација. Другарите за тоа веднаш известија, така што јас и тие застанавме на гледиште дека е тоа некоја измислица. Централниот комитет ќе треба овој случај што побрзо да го испита и да нѐ извести. Ние сме на мислење, а особено сега, поради ова, дека тој (се однесува на македонскиот претставник во ЦК на КПЈ н. б.) повеќе не може да ја застапува Мкедонија. Бараме да нѐ известите кој остана по пленумот како претставник на Македонија во ЦК, а можеби таа и не е застапена.“[1]

Сеќавањата на некои активисти сведочат за тоа дека Отвореното писмо од Коминтерната испратено во мај 1928 година до сите членови на Партијата со повик да стават крај на фракционерските борби, во кое како пример се истакнува Загрепската партиска организација како единствена што водела успешна антифракциска борба, е испратено и во Македонија и е разработувано со членовите на КП и на СКОЈ во градовите: Скопје, Велес, Битола, Куманово и Тетово.[2]

Во времето на антифракциската борба, одржувањето на Осмата загрепска партиска конференција, Отвореното писмо од Коминтерната и другите документи, Покраинскиот комитет во Македонија се наоѓаше во привремена криза. Тогашниот секретар на Покраинскиот комитет, Милан Мијалковиќ, кој како професор бил службено преместен во Крагуевац, во јуни 1928 година беше принуден да замине од Македонија, односно од Куманово[3]. Подоцна, во септември истата година беа затворени и два члена на Покраинскиот комитет, така што работата, која по заминувањето на Мијалковиќ почна да слабее, по затворањето на овие двајца членови од Комитетот сосема беше опаднала. Во еден извештај до Централниот комитет на КПЈ од октомври 1928 година дури се вели дека „Македонија останала без Покраински комитет“.[4]

Но и покрај таквата ситуација во Покраинскиот комитет, според споменатиот извештај, на 20 октомври 1928 година во Велес сепак била одржана Покраинска партиска конференција, на која е избран делегат за Четвртиот конгрес на КПЈ и тоа самиот известувач под псевдонимот

---

[1] АРПЈ, фонд КИ, 1928/А. 119/III, Извештај за работата за октомври 1927 до февруари 1928, 8. II 1928.

[2] АРПЈ, Мг, 2912.

[3] АРПЈ, фонд КИ, 1928/82, (1—13)—133/III; Боро Чушкар, Борбено Куманово 1919—1941, 316.

[4] Истото.

Димитров, односно Кочо Рацин.[5] За присуството на Рацин на Четвртиот конгрес во своите сеќавања го споменува и Мито Станиславлевиќ — еден од учесниците на Конгресот.[6]

Според сеќавањата на Станисавлевиќ, како и на некои други, Рацин зел активно учество во работата на Конгресот, одржал потресен говор за ситуацијата во Македонија, за теророт кој се вршел над македонскиот народ; говорел за положбата во Партијата и слично. Сеќавањата исто така говорат дека Рацин во таа прилика оставил силен впечаток на тогашнот секретар на ЦК КПЈ — Ѓуро Ѓаковиќ. Од ова може да се извлече заклучок дека делегатот од Македонија на Конгресот им се придружил на останатите делагати од земјата во осудата на фракционерството и неговото штетно влијание, кое се чувствувало во редовите на Партијата по Третиот конгрес на КПЈ.[7]

Меѓутоа, делегатот Кочо Рацин не успеал навреме да ги пренесе заклучоците од IV-от конгрес во партиската организација во Македонија. Преминувајќи ја австро-југословенската граница, некаде близу Марибор, е уапсен и извесно време потоа се наоѓал во затвор.[8]

Во една таква ситуација партиската организација во Македонија ја затекоа настаните од 1929 година. Како и во целата земја, под удар на монарходиктаторскиот режим се најде и партиската организација во Македонија. Во таа прилика главно страдаше раководниот кадар на Партијата, скоевската организација, како и национално-револуционерната организациа ВМРО (обединета).[9]

Партиските врски со раководството на КПЈ беа прекинати, а беа прекинати исто така и партиските врски меѓу одделните градови. Целиот партиски живот беше парализиран.

Овој период, полн со искушенија, потплашувања од полицијата и апсења, не можеше да ја уништи потенцијалната сила на Партијата, работничката класа и национално-потиснатите маси од градот и од селото во Македонија. Почнувајќи од 1931 година, посебно од 1932 година, покрената е иницијатива за обновување на работата на партиските и скоевските организации, се формираат партиски групи, марксистички кружоци сред младината, а според некои сеќавања, во 1932 година обновена е и работата и на месните комитети во некои градови, како што беа: Куманово, Велес, Прилеп и Скопје. Партиските активисти, младината и синдикалистите изнајдуваа разни форми за поврзување со масите, формираа разни културно-уметнички, спортски и други друштва, по-

---

[5] Боро Чушкар, н. д., 319; АРПЈ, фонд КИ, 1928/82, ((11—13)—133/III.

[6] Мито Санисављевиќ, На Четвртиот конгрес на КПЈ во Дрезден, Зборник: Кочо Рацин во спомените на современиците, Скопје, 1972, 181.

[7] Мито Станисављевиќ, н. д., 180—181; Трајко Мишковски, Рациновата трудољубивост во детството служеше за пример, Зборник: Кочо Рацин . . ., 146; Бане Андреев, Акивен партиски и синдикален работник, Зборник: Кочо Рацин . . ., 15.

[8] Киро Попадиче, Сеќавање за Кочо Солев-Рацин, Зборник: Кочо Рацин . . ., 159.

[9] Види поопширно: Славка Фиданова, Обновувањето, консолидацијата и активноста на КПЈ за Македонија од 1929 до 1934 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, Скопје, 1976, том II, 270—271.

крената е иницијатива за влегување на комунистите во реформистичките ките синдикати.[10]

Процесот на обновувањето и консолидацијата на партиската организација во Македонија наскоро доби поорганизиран тек. Тоа стана по извршените измени во централното партиско раководство во средината на 1942 година, со формирањето на привремениот Централен комитет. Ова привремено раководство во кое значајна улога имаше Благоја Паровиќ, а подоцна и другарот Тито по неговото излегување од затвор, со својата активност на ликвидирањето фракционерството во земјата, како и со својата работа за организиционо, акционото и идејно јакнење на Пртијата во сите краишта на Југославија, придонесе работата на Партијата во Македонија следните години да се развива во составот на преземените мерки на тоа партиско раководство.

Меѓу првите обиди во таа смисла, за да ѝ се даде на Партијата во Македонија понепосредна помош, секако претставуваше обидот на привременото партиско раководство во Македонија на партиска работа во својство на инструктор да го испрати Алекса Демниевски-Бауман, кој во тоа време беше на школување на КУНМЗ во Москва. Тоа се гледа од писмото на Милан Горкиќ, тогашен секретар на ЦК КПЈ, ипратено до Ѓорѓе Митровиќ на 9 септември 1932 година, во кое во врска со тоа се вели: „За оној Бауман, кој може да се врати од јужната страна, се согласуваме 100%. Соопшти ми како може тој да се врати преку Европа или со заобиколување. Во овој другиот случај, вие треба истиот добро да го инструирате, дајте му ги сите важни одлуки да ги чита, составете со него план за неговата работа и кажете му да се поврзе со Ќурчиќ, кој бил на робија и сега е на работа во скопската општина. Освен тоа, може да се поврзе со оној адвокат Грубишиќ, но да не се поврзува со Ацо Петровиќ, кој бил на Свердловскиот универзитет заедно со Малина (Поп Иванова — н.б.) сѐ додека не се проучи неговиот случај. Во однос на него постојат некои доволно оправдани сомневања. Освен тоа договори се со него за единствена шифра и кажи му дека може да пишува во некоја книга или журнал со обично хемиско мастило . . .“[11]

Подоцна, по сѐ изгледа, дека привременото централно партиско раководство отстапило од оваа комбинација. На местото на Демнивски, во средината од 1933 година во Македонија е испратен Никола Оровчанец (Алексиќ — н. б.), кој исто така бил на школување во СССР.[12]

Овој негов престој во Македонија во својство на инструктор на ЦК КПЈ, кој временски траел од средината на 1933 година па сѐ до февруари 1934, има извонредно големо значење за правилната работа на партиската органзизација во Македонија во духот на плиитичката линија на КПЈ, усвоена по донесувањето на Резулуцијата на Коминтерната од 1932 година.

По преземените мерки за обновување и консолидација на Партијата во Макеонија, во август—септември 1933 година се формира при-

[10] Славка Фиданова, н. д., 271—275; 100 години Велешка гимназија, Велес, 84; Боро Чушкар, н. д., 373—384; Прилеп и Прилепско низ историјата, Прилеп, 1972, 61.

[11] АРПЈ, фонд КИ, 8164/х 3—12 (1932).

[12] АРПЈ, фонд КИ, 1934/63.

времен Покраински комитет, во повеќе градови во Македонија се обновува работата на месните комитети на Партијата, на месните комитети на СКОЈ, се воспоставува организацијата Црвена помош. Со успех се развива револуционерната работа во синдикатите и Работничката комора, се прават напори за поврзување со масите и нивното покренување во акции: штрајкови, акција за помош на невработените, собирање на помош за затворените и осудените, организирање на протестни акции во врска со Лајпцишкиот процес и слично. Сите овие акции имаа карактер на отпор против диктатурата. Таков своевиден отпор претставуваше и револуционерната културна манифестација во Велес, организирана по иницијатива на група комунисти и тоа: Данило Лекиќ, Радован Зоговиќ, Вукајло Кукаљ и Кочо Рацин.[13]

По еден подолг период, Партијата повторно покренува илегален весник под името „Искра", се печатат и масовно се растураат и други летци и брошури. На страниците на овој весник до израз дошла антифракциската тенденција против фракционерските борби кои во тоа време се воделе во затворот во Сремска Митровица.[14]

Напоредно со активноста за организационото јакнење на Партијата, е постигнат успех и во врска со прашањето за создавањето на идејното единство, со оглед на тоа што кај поединци во редовите на Партијата беа присутни сé уште некои социјалдемократски гледања, како што беше националното прашање, синдикалното прашање, парашањето за односот на револуционерната теорија и практика и слично. Според оценката на претставникот на КПЈ, овие појави беа резултат и на неинформираноста поради тоа што веќе подолго време во Македонија немаше пристигнато партиски директиви и материјали од највисокото партиско раководство.[15]

Врз основа на стекнатото искуство при обновувањето на работата по национално-револуционерната линија и воспоставувањето врски со национално-револуционерната оргниазација ВМРО (обединета), со оглед на тоа што одзивот на нејзините членови беше слаб, речиси и никаков, овој комитет инсистираше кај ЦК КПЈ да заземе што поскоро став по прашањето за национал-револуционерната работа или да издаде директива до оваа национално-револуционерна организација да се поврзе со партиската организација во Македонија или ЦК КПЈ да издаде директива до Обласниот комитет на КПЈ за Македонија самиот да формира националноослободително движење во Македонија. Во оваа прилика Обласниот комитет напомена дека ако дотогаш се чекало, утре веќе ќе биде доцна затоа што настаните се одвиваат со толку голема брзина, што Партијата може да се најде на опашката на тие настани.[16]

Оценувајќи ја работата на претставникот на ЦК КПЈ во Македонија во текот на 1933 како позитивна, ЦК КПЈ истовремено укажа и на некои недостатоци кои имаа пресудно значење за натамошната

---

[13] Славка Фиданова, н. д., 275—304; АРПЈ, фонд КИ, 1934/63, Извештај на инструкторот од Македонија.

[14] АМ, Скопје, арх. бр. 3255.

[15] АРПЈ, фонд КИ, 1934/63, Извештај на инструкторот од Македонија.

[16] Истото.

работа на Пaријата како, на пример, прашањето за опфаќање на индустриските работници и за формирање на партиски ќелии по претпријатијата, како што беа железниците, рудниците и слично.[17]

Со провалата што настана во декември 1933 година по техничка линија во врска со доставувањето на весникот „Искра", најмногу беше погоден Обласниот комитет на КПЈ за Македонија. Во таа прилика беа затворени сите членови на овој комитет, додека претставникот на ЦК КПЈ, Никола Оровчанец, беше принуден да ја напушти Македонија. Со тоа привремено беше прекината партиската работа во Македонија која со успех се одвиваше повеќе месеци.[18]

Со заземањето на ЦК КПЈ и на другарите ангажирани во земјата на работа во Партијата, доцна пролетта 1934 година повторно се формира покраинско партиско раководство за Македонија, која функција ја вршеше Месниот комитет за Скопје.)[19]

На ова привремено покраинско партиско раководство голема помош му укажа привремениот Обпастен комитет за Србија, односно Обпастниот комитет за Лесковац, кои беа формирани за време на привремениот престој на Благоја Паровиќ во Србија. Преку овој канал, ОК на Лесковац, одржувана е редовна партиска врска со партиските организации во Куманово и во Скопје. Со овој канал се користеше и ЦК КПЈ за да ѝ испраќа преку него на партиската организација во Македонија партиски материјали и упатства.[20]

Постојната документација со која располагаме, нè ни дава доволен увид во работата на овој Покраински комитет. И покрај тоа, познато е дека овој комитет вложувал големи напори за организационо зацврстување и ширење на партиската организација во Македонија. Ова го констатираме од податокот за зголемениот број членови на КП и СКОЈ во времето од средината до крајот на 1934 година а тоа е времето на одржувањето на IV-тата Земска париска конференција на КПЈ.[21] Нешто попрегледен податок за бројот на членовите на КП во градовите во Македонија од тој период дава Милан Горкиќ во својот извештај,

---

[17] АРПЈ, фонд КИ, 1934/39, 322/1, 4553, Писмо од ЦК КПЈ до „Комунистите во Македонија".

[18] АРПЈ, фонд КИ, 1934/63, Извештај на инструкторот од Македонија, АРПЈ, фонд ДСЗД, Пресуда на Скопскиот првостепен суд, Д. Т. бр. 2238/34.

[19] Страхил Гигов, Сеќавања, Скопје, с. 64—67; Ђорђе Пиљевић и Надежда Јовановић, Благоје Паровић — Изабрани списи, Београд, 1976, Директивно писмо на ЦК на КПЈ до Обласниот комитет на КПЈ за Србија од јули 1934 година, с. 154. Во ова директивно писмо на ЦК на КПЈ, кое е напишано врз основа на извештајот на Благоја Паровиќ, се вели дека во Македонија функцијата на ОК ја врши еден МК, но не се наведува кој бил тој местен комитет. Од досегашните сознавања може да се претпостави дека таа функција ја вршел МК во Скопје. За ова види во АИНИ, Скопје, мемоарска граѓа, нерегистриран материјал и АРПЈ, фонд ДСЗД, Оптужница, Д. Т. бр. 2380/34.

[20] Ђорђе Пиљевић, Рад Благоја Паровића на обнављању партиских организација у Србији 1933 године, Зборник радова, Токови револуције, Београд, 1971/VI, стр. 91, 92; Перо Дамјановић, Тито пред темама историје, Београд, 1972, стр. 47; АРПЈ, фонд КИ, Писмо бр. 9, Сава (Лазар Лилић) до ЦК КПЈ од 14. XI. 1934 година, микрофилм во АМ, бр. 107/430.

[21] Ђорђе Пиљевић и Надежда Јовановић, н. д., Извештај о организационом стању КПЈ, стр. 234. Според извештајот за огранизационата состојба за одделните области во Југославија, во средината од 1934 година во Македонија имало 150 члена на КП, а во крајот на 1934 година тој број пораснал на 175.

во кој во врска со тоа се вели: „Во Алексината покраина се работи подобро отколку што ние знаевме и очекувавме. Дојде еден работник од железничката работилница. Насекаде имаат месни комитети и привремен Покраински комитет. Членовите на КП ги имаат организирано во ќелии: во Велсе има 37 члена, во Куманово 23, во Скопје 45, во Прилеп 54 и во Крушево 13, сè на сè 173 члена на КП. Освен тоа во Велес има 25 младинци и врска во 12 села со еден до два човека“.[22] Освен тоа, со сигурност се знае дека овој комитет разви и прилично зачувана пропагандна активност, го покрена илегалниот весник „Комунистички билтен“, издаваше и ширеше прогласи и брошури, во кои посебно се истакнуваше борбата против фашизмот и војната.[23]

Со провалата од декември 1934 година, која настана во партиската организација во Скопје и Велес, членовите на овој комитет беа затворени така што организацијата повторно остана без покраинско раководство.[24]

Со нова иницијатива на ЦК КПЈ во февруари 1935 година повторно е воспоставена партиска врска со партиската организација во Македонија. Во оваа прилика Месниот комитет во Куманово доби задача да ја преземе функцијата на Покраински комитет, со тоа што во најскоро време да се создадат сите услови покраинскиот комитет да премине во Скопје.[25]

Во времето на дејствувањето на овој привремен Покраински комитет, извесно време од март до јуни 1935 година во Македонија, во својство на инструктор на ЦК КПЈ, престојуваше Трајко Мишковски-Кузњецов, кој исто така пред тоа се школувал во СССР. За време на неговиот илегален престој во Скопје Мишковски доста направил за организационото поврзување на партиската организација во Скопје како, и во внатрешноста на Македонија.[26]

Главната ориентација за работата на овој Покраински комитет беа одлуките на IV-тата земска партиска конференција, коко и одлуките на V-тиот пленум на КПЈ, на кој имаше земено учестви и секретарот на ПК на Македонија Мире Анастасов. Според тоа, основна задача на овој комитет беше: организационо зацврстување и јакнење на Партијата, формирање на посебен технички апарат, работа по синдикална линија, по национално-револуционерна линија и создавање на Народен форнт на слободата.[27] Овој комитет во својата работа, во овој период,

---

[22] АРПЈ, фонд КИ, Марија Бистричка (Милан Горкиќ), Писмо бр. 2 од 1. XII 1934, микрофилм во АМ, бр. 107/430.

[23] АРПЈ, фонд ДСЗД, Оптужница, Д. Т. бр. 2380/34; Страхил Гигов, н. д., 67.

[24] АРПЈ, фонд ДСЗД, Оптужница, Д. Т. бр. 2380/34.

[20] АИНИ, Скопје, Мире Анастасов, мемоарска граѓа, 26. VI 1948; Боро Чушкар, н. д., 414, 415, 416.

[26] АРПЈ, фонд КИ, Писмо на Стојан од Белград, 28. III 1935, микрофилм во АМ, бр. 46/528; Истото, Писмо бр. 6, 7. III 1935, микроформ во АМ, бр. 46/528; АИНИ, Скопје, Трајко Мишковски, мемоарска граѓа, 29. III 1976.

[27] Спроведувајќи ги заклучоците од IV-тата земска конференција на КПЈ овој Покраински комитет успеал да ја обнови работата на партиските организации и истовремено да одржува партиски врски со организациите во Велес, Прилеп и Скопје како главни пунктови, а преку нив со организациите во Штип, Гевгелија, Струмица, Кочани, Крушево, Кавадарци, Битола, Тетово и Гостивар. АИНИ, Скопје, Трајко Миш ковски, мемоарска граѓа, 29. III 1976; Истото, Мире Анастасов, мемоарска граѓа, 26. VI 1948.

сепак најмногу внимание посвети на создавањето на Народниот фрнт на слободата.

Карактеристично е дека овој комитет во духот на дискусијата, која се водеше на Пленумот по прашањето за национално-револуционерната работа, како и по прашањето за Народниот фронт, при практичната реализација на политичката линија на КПЈ, ги напушти дотогашните форми и средства на борба како што беше национално-револуционерната организација ВМРО (обединета), која како илегална не можеше да послужи како форма за собирање на национално угнетените маси од градот и од селото во Македонија во борбата против фашизмот. Затоа, тој се ориентира на легалите друштва, сметајќи ги нив како најпогодни за поврзување на Партијата со национално угнетените маси и нивното покренување во борбата против потиснувачката политика на великосрпската буржоазија, како и за поврзување со прогресивните и демократските сили во борбата проти фашизмот. Со оваа ориентација во Македонија, всушност, е започнат процесот за созавање на широко национално-ослободително движење на македонскиот народ, кое по својата форма имаше националноослободителен карактер, а по својата суштина беше длабоко народно-фронтовско движење.[28]

Дејствувањето на овој Покраински комитет е прекинато во јануари 1936 година по една нова провала, којашто овој пат дошла по линијата на Земското биро, кое тогаш се наоѓало во Загреб.[29]

Партиските организации, кои не беа опфатени со провалата, успеаја да воспостават партиска врска со ЦК КПЈ. Не е сигурно дали во ова време дошло до формирање на Покраински комитет, макар што од еден документ на ЦК КПЈ, испратен на адреса „ПС", може да се претспостави дека таков постоел. Во секој случај треба да се истакне дека врската по линија на скоевската организација била редовна и можеби овој документ се однесувал на Покраинскиот секретаријат на СКОЈ. Животот и работата на скоевската организација во Македонија се потврдува и со одржаната Покраинска скоевска конференција во Велес летото 1936 година, на која присуствуваа претставници на скоевската организација од повеќе градови на Македонија и тогаш е избран и Покраинскиот комитет на СКОЈ за Македонија.[30]

---

[28] АРПЈ, фонд КИ, Извештај на Младен (Трајко Стаменковиќ) од 3 јули 1935; Истото, Писмо од Јоцо (Ѓорѓе Митровиќ), бр. 6 од 4. III 1935; Истото, Писмо од Оскар (Карло Худомал) од 17 јули 1935; Истото, Соопштување на ЦК КПЈ од 18. VI 1935; АИНИ, Скопје, Мире Анастасов, мемоарска граѓа 1977.

[29] АРПЈ, фонд ДСЗД Д. Т. бр. 260/36.

[30] Боро Чушкар, н. д., 507; АМ, Оптужница, Д. Т. бр. 606/37/12. Според оптужницата, на Конференцијата која е одржана во Велес на 16 август 1936 година, присуствувале: Тоша Томиħ (Тодор Томовски-Брич) и Панта Пешиħ (Панче Пешев) од Куманово, Гаревиќ Кира (Гаревски Киро) од Скопје, Бајалалијев (Бајалски Ристо) од Гевгелија, Јордан Лазиħ (Ордан Лазевски) и Ћира Петровиħ (Киро Попадиче) од Велес и Ќира Таневиħ (Киро Таневски) од Прилеп. Покраинскиот комитет на СКОЈ, кој бил избран на Конференцијата, го сочинувале: Киро Попадиче, Киро Таневски и Тодор Томовски-Брич.

Во април 1937 година дојде до нова провала, којашто ѝ нанесе големи штети на целата партиска организација во Македонија.[31] По оваа провала врските со ЦК КПЈ за подолго време беа прекинати. Преостанатите партиски кадри во градовите, деморализирани поради честите провали, се повлекоа во длабока илегалност, борејќи се за својот опстанок. До него повремено допираа директиви и партиски материјали, ги спорведуваа како што умееја и знаеја, но таа нивна работа беше без некое поголемо влијание врз масите.

Врските кои ги воспоставуваа одделните партиски организации на своја иницијатива со поединци и кои се базираа на некои стари врски, често беа и погрешно воспоставувани, дури и не на вистинското место. Имаме податоци дека одделни комунисти се поврзуваа со Љуба Радовановиќ, кој во тоа време беше исклучен како приврзаник на Сима Марковиќ.[32]

Во меѓувреме имаше обиди на партиската организација на Македонија да ѝ се даде помош за да ја обнови својата работа. Познато е дека Мома Марковиќ, во својство на член на Покраинскиот комитет за Србија, летото 1937 година доаѓал во Македонија за да ги спроведе поставените задачи од страна на ЦК КПЈ.[33] Исто така познато е дека другарот Тито по неговото доаѓање на чело на Партијата, во времето на својот престој во Белград 1938 година, водел разговори со еден претставник од Македонија во врска со партиската организација во Македонија и дека било планирано Алекса Демниевски, ова бил втор обид, да биде испртен во Македонија во својство на инструктор на ЦК КПЈ. Овие разговори, меѓутоа, не можеле да дадат поголеми резултати зашто и планираното доаѓање на Демниевски, кој во тоа време се борел во редовите на Републиканската армија во Шпанија, не можело да се реализира.[34]

Доаѓањето на другарот Тито за секретар на ЦК КПЈ, кое беше и логична последица на неговото дејствување во Партијата, почнувајќи од неговото истапување на Осмата загрепска партиска конференција, претставува крупен историски настан на КПЈ во целост, па и за партиската организација во Македонија.

Иако во тоа време партиската организација во Македонија се наоѓаше во многу тешка положба без покраинско партиско раководство и без партиски врски со ЦК КПЈ, присуството на другарот Тито на чело на Партијата почнува да се чувствува и во Македонија. Почнувајќи од 1938 година во Македонија се развива силно политичко движење, кое се манифестираше во многубројните штрајкови, демонстрации, протестни акции, митинзи, собири, изборни борби, културно-просветни акции и слично.

---

[31] АРПЈ, фонд ДСЗД, Пресуда, Д. Т. бр. 606/37/12.

[32] Страхил Гигов, н. д., 108, 120—123; Изјава на Марика Попова дадена на авторот во 1961 година; АИНИ, Скопје, Мире Анастасов, мемоарска граѓа, 26. VI 1948.

[33] АИРПС, Београд, Биографија на Мома Марковиќ, арх. бр. 13047; Момчило Хајдуковић, Четрдесетгодишњица Прве обласне конференције КПЈ за Косово и Метохију, Политика, 26 јуни 1977 година.

[34] Перо Дамјановић, н. д., 107; Јосип Броз-Тито: Избор из дјела, Радничка класа и Савез комуниста Југославије 1926—1977, Сарајево, 1977, 76, 90.

Носители на овој политички живот во Македонија беа студентите од Белградскиот универзитет и од Филозофскиот факултет од Скопје, како и работниците на привремена работа во поголемите градови на Србија, учесници во революционерните судири, од кои некои од нив беа и членови на КПЈ. Тие беа најдобри толкувачи на политичката линија на КПЈ под раководството на другарот Тито, па како такви беа најчесто и организатори на многубројните акции од економски и политички карактер.

Земското партиско советување на КПЈ, што се одржа во јуни 1939 година под раководството на другарот Тито, за македонската париска организација преставува претсвртница во нејзината работа, поради тоа што советувањето ја задолжи КПЈ да обрне што поголемо внимание на КП во Македонија и да ја обнови што поскоро време нејзината партиска организација, да ја активизира и да изврши мобилизација на широките слоеви на потиснатиот народ пред да стане Македонија, поради силното национално угнетување во неа, погоден терен за пропаганда на империјалистичките сили, пред се на Италија.[35]

Врз основа на овој заклучок, ЦК КПЈ набрзо потоа презеде чекори да ја обнови партиската организација во Македонија. Летото 1939 година во Македонија е испратен Милован Ѓилас, тогашен член на ЦК КПЈ, кој формира Покраински комитет, чија прва задача била да ја обнови партиската организација во македонија.[26] Есента 1939 година и во почетокот на 1940 година во Мкедонија на двапати во својство на инструктор на ЦК КПЈ доаѓа Светозар Вукамновиќ за да го забрза процесот на обновувањето и консолидацијата на партиската организација, како би можела Комунистичката партија во Македонија, што поскоро да стане раководна општествено-политичка сила и предводник на македонскиот народ во борбата за неговото национално ослободување.

Со оглед на констатацијата дека формираниот Покраински комитет од летото 1939 година не ја изврши својата задача, особено поради тоа што неговиот секретар на 12 јануари 1940 година беше затворен, Вукмановиќ, по добиената согласност од ЦК КПЈ, презеде мерки за формирање на нов Покраински комитет, што беше и сторено во март—април 1940 година. Благодарение на несебичното залагање и на пожртвуваната деноноќна работа на одделните партиски активисти, посебно на Вукмановиќ, а подоцна и на Сретен Жујовиќ, кој исто така беше испратен од страна на ЦК КПЈ, Комунитичката партија во Македонија за релативно кратко време беше обновена, така што во средината на 1940 година во Македонија дејствуваа 16 месни партиски организации, што претставуваше импозантен број за организацијата во Македонија, којашто долго време немаше партиска врска со ЦК КПЈ.[37]

---

[35] Земаљско савјетовање КПЈ, Пролетер, 1940, бр. 1—2, год. XVI, с. 3.

[36] Страхил Гигов, н. д., 146, 147.

[37] Истото, 148; Светозар Вукмановић-Темпо, Револуција која тече, Београд, 1971, 121—123, 129—138; АИНИ, Скопје, Сретен Жујовић, мемоарска грађа, нерегистриран материјал; АИНИ, Скопје, Светозар Вукмановић-Темпо, мемоарска грађа, нерегистриран материјал; АИНИ, Скопје, Записник од V земска конференција на КПЈ, препис; Историја на македонскиот народ, кн. III, Скопје, 1969, 120—122.

Обновувањето на партиската организација беше проследено и со обновувањето на скоевската организација, како и со организацијата на народна помош. Нешто подоцна, во мај 1940 година беше формиран и Покраински комитет на СКОЈ, како и Покраински одбор на народна помош, кои работеле на обновување и ширење на тие организации.

Во текот на обновувањето на партиската организација од редовите на Партијата отпаднаа многу стари комунисти, делум поради опортунизам, а делум и поради тоа што беа неактивни и не водеа редовен организационен живот. Нивните места беа пополнети со помлади кадри, бескомпромисни, поборбени, пополетни, кои израснаа во борбата против класниот непријател и ненародниот угнетувачки режим.

Исто така им беше зададен удар и на ликвидаторските тенденции во Партијата, на луѓето кои поголемо внимание ѝ посветуваа на легалната отколку на илегалната работа, одбивајќи да ја обноват работата на партиската организација, како и на фракционерската група околу адвокатот Антон Грубишиќ, којашто имаше прилично големо влијание меѓу работниците во Урсовите синдикати. По повод на овој случај Покраинскиот комитет објави и посебен леток во кој ја изнесе штетната работа на оваа фракционерска група.[38]

Со тоа беа создадени сите услови за огранизационо и идејно единство на КПЈ во Македонија, кое дојде до израз на Покраинската партиска конференција од 8 септември 1940 година, на која се избрани и делегати за V-тата земска конференција на КПЈ.[39]

Обновената партиска организација разви голема политичка активност. Набрзо, покрај легалниот весник „Наша реч", кој беше покренат по иницијатива на партиските активисти во почетокот на 1939 година, почнаа да излегуваат и илегалните весници „Искра" и „Билтен", како и други партиски материјали кои беа објавувани на македонски јазик. Под раководството на КП во Македонија се развива и јакне антифашистичкото женско движење, како и задружното движење на село. Се развива и буи студентското движење, кое постигна значајни резултати. Националноослободителното движење на македонскиот народ започна да добива сè помасовен карактер. Израз на тоа беа масовните илинденски демонстрации одржани во 1940 година во Прилеп и Охрид, а во помал обем во Скопје и во Битола. Посебни резултати постигна скоевското и младинското движење во средните училишта и меѓу работничката младина. Во ова време во Урсовите синдикати исто така јакне влијанието на комунистите, кои успеваа постепено да ги потиснат од нив социјалдемокатските елементи.

---

[38] Светозар Вумкановиħ-Темпо, н. д., 121—125, 129—137.

[39] Светозар Вукмановиħ-Темпо, н. д., 147—150; АРПЈ, Изјава на Перо Ивановски, препис во АИНИ, Скопје; Историја на македонскиот народ, кн. III, 123.

Во текот на 1939, 1940 и 1941 година Македонија ја зафати силен бран на штрајкови, од кои само во Скопје се одржаа 17 штрајкови и тарифни акции.[40]

Комунистичката партија во Македонија, која беше обновена во услов кога другарот Тито дојде на чело на КПЈ, навистина стана масовна Партија, Партија од нов тип. Затоа таа и можеше подготвена да појде во пресрет на настаните кои доаѓаа и успеа да се пресмета со контрареволуционерните сили во неа и надвор од неа, кои по прашањето за вооруженото востание на македонскиот народ нудеа спротивна линија од КПЈ.

**Славка Фиданова**

## РОЛЬ ТИТА НА ВОСЬМОЙ ЗАГРЕПСКОЙ ПАРТИЙНОЙ КОНФЕРЕНЦИИ И ЕЁ ВЛИЯНИЕ НА ИДЕЙНОЕ И ОРГАНИЗАЦИОННОЕ ЕДИНСТВО КПЮ В МАКЕДОНИИ

### Резюме

Выступление товарища Тита на Восьмой загрепской партийной конференции в феврале 1928 в имя национального меньшинства в Загрепском местном комитете против двух фракций — левых и правых, которые работали за раскол внутри партии и рабочего движения, имеет крупное политическое значение для КПЮ в целости, для её организационного и идейного единства, и были созданы условия под руководством Тито чтобы она переросла в партию рабочего класса современного типа.

Антифракционная борьба начатая на Восьмой загрепской партийной конференции, которая получила подтверждение в открытом письме Коминтерна в мае 1928 года, отправленное для всех членов КПЮ, нашло отражение и в партии Македонии, в связи с этим было поддержанно всеми членами КП и СКОЮ в городах, где было разработано (Скопье. Велес, Битола, Куманово и Тетово).

Это дало возможность партии в Македонии, которая. начиная с 1929 года, была постоянно под ударом режима а из-за этого доходило до частых нарушений в её работе, нашла в себе силы обновить свои ряды. Настаяние партии за обновление был просложен процесс организационного и идейного укрепления, вершиной чего является формирование временного ЦК КПЮ весной 1938 года во главе с товарищем Тито и одержанное июньское совещание 1939 года, является первым такого вида после возвращения руководства в страну.

В этот период из рядов партии Македонии отпало известное число коммунистов, оппортунистически настроенных, а ряды были пополнены молодыми и перпективнми кадрами, бескомпромиссными в борьбе против классого неприятеля и угнетающего режима; был нанесен удар ликвидаторским тенденциям, которые были присущи в партии и т.д.

Этим были созданы условя для организащионого и идейного единства КПЮ в Македонии, которые нашли выражения на областной конференции, состоявшейся восьмого сентября 1940 года. Партия в Македонии обновлена, идейно и организационно укреплена в условиях, когда в главе её находится товарищ Тито, стала массовой партией, готовоой осуществить народно-освободительною борьбу и народную революцию.

---

[40] Славка Фиданова, Улогата на КПЈ во поврзувањето на работничката класа со националноолсободителното движење на македонскиот народ од 1935—1941 Годишен зборник на Филозофвскиот факултет во Скопје, Скопје, 1971, том 23, с. 127—129; Историја на македонскиот народ, кн. III, с. 115—129.